Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма (Л0) спорт и рекреација за 2024 година и Програма за работа на ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Л0) спорт и рекреација за 2024 година и Програма за работа на ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/12
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 34 став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода “ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**Програма (Л0) спорт и рекреација за 2024 година и Програма за работа на ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје за 2024 година**

1..Вовед
-Со оваа програма се уредува:
-Извори на финансирање на програмата
-Пресметување на трошоците
-Динамика на извршување на Програмата
-Преодни и завршни одредби

2.. Извори и финансирање на Програмата за спорт и рекреација.
- Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Вода за 2024 година.
- Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи :

**ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (ЛО) ЗА 2024 ГОДИНА**

**1. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА И ЗДРУЖЕНИЕ - ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:**
Фундамент за развој на спортот треба да претставуваат добро организирани спортски активности во образовните институции. Оттука, училишниот спорт има универзални вредности. Целта на овој проект е откривање, развој и усовршување на спортскиот талент на учениците. Успешната организација на училишниот спорт несомнено ќе резултира со зголемување на масовноста во спортот од една страна, но и со можност за квалитетна селекција на врвни спортски таленти од друга страна.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 500.000.00 денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка на училишните спортски клубови и здруженија и Општинскиот Сојуз на училиштен спорт на Кисела Вода.

-Време на реализација: јануари-декември 2024.

Вкупно ...................................................................... 500.000.00 денари

## 2. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: КУП НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА „Св ЃОРЃИ“

**Цели:**

Овој меѓу општински проект веќе стана традиционален во општината Кисела Вода. Најдобрите талентирани ученици по спортовите мал фудбал,кошарка,одбојка, ракомет,(во конкуренција машки и девојчиња) ќе бидат селектирани од страна на селектори (професори по физичка култура и тренери). Оттука ќе се формира Селекција на таленти од општината Кисела Вода во повеќе спортови кои турнирски ќе се натпреваруваат со своите врсници од другите Општини поканети на турнирот.

Време на реализација: месец април -мај 2024 година.

Реализатор: Општина Кисела Вода

Потребни средства:

За дресови -------------------------- 113.000.00 ден.
За лекар -------------------- 30.000,00 ден.
За судии ------------------- 25.000,00 ден.
За озвучување.(За потребите на Одделението за спорт за успешна реализација на овој и низа други проекти потребна е набавка на сопствена опрема за озвучување) ----------- 70.000,00 ден.
За вода ----------------------------- 15.000.00 ден.
За пехари, дипломи ----------------- 20.000.00 ден

**Вкупно: ---------------------------------- 273.000.00 денари**

## 3. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА

**Цели:**

Спортските клубови и спортските здруженија кои егзистираат на територијата на Општината практично се спортско огледало на најстарата скопска општина Кисела Вода е расадник на таленти и врвни спортисти кои својот прв чекор во спортот и своите први успешни спортски резултати ги направиле токму во спортски клубови во општината Кисела Вода. Оттука, не само законска, туку и морална обврска е Општината да се грижи за спортот кој практично претставува најевтин и најголем амбасадор на општината Кисела Вода во својата општина и надвор од неа.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 5.000.000. 00 денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка на Спортски клубови и Спортски здруженија.

Време на реализација: 2024

Вкупно ......................................................................5.000.000.00. денари

## 4. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

**Цели:**

Целта на проектот е да се стимулираат спортските клубови, спортските здруженија, спортските сојузи и спортски федерации во делот на реализација на манифестации кои значат масовност на спортот. Во проектот главен услов е манифестацијата да се одржува на територијата на општината Кисела Вода.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 1.000.000. денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка за реализација на спортски манифестации.

Време на реализација: 2024.

Вкупно ------------------------------------------------------------- 1.000.000.00

## 5. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: СПОРТСКА АКАДЕМИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Цели:**

Спортска академија на општина Кисела Вода е проект наменет за одржување на промоции, спортски трибини, симпозиуми, реализација на афирмативни тренажни процеси предводени од актуелни и поранешни селектори и тренери на спортски клубови. Заради усовршување на водење на спортски тренинг во повеќе спортови, но и на многу други значајни теми од спортот, предвидено е во проектот да продефилираат со свои предавања, стручни лица од ФФК, експерти од Агенцијата за млади и спорт, од соодветни федерации и од спортски клубови и спортски здруженија. Размената на искуства, збогатување на знаењето, усовршувањето, издаваштвото, изработка и реализација на сопствени проекти, се само мал дел од целите и очекуваните ефекти од проектот, кој практично значи и развивање и усовршување на спортот во Општината. Во оваа програма треба да се обезбедат и средства за купување на спортска опрема, дресови со шорцеви,

тренерки и маици во мал фудбал, кошарка и други спортови, формирани од вработени во општината и Советот на општината кои ја претставуваат екипата на соодветни спортски турнири низ државата.

Исто така, потребно е, во текот на неделата да се обедбедат слободни бесплатни термини во спортските сали за рекреација за граѓаните (мажи и жени) и вработените во општината (мажи и жени)

- Слободни термини во спортските сали за рекреација на граѓани.
-Слободни термини за деца со посебни потреби
-Слободни термини во спортските сали за рекреација на вработени (мажи).
-Слободни термини во спортските сали за рекреација на вработени (жени) и жени во социјален ризик.

За 20 пара комплет дресови ---------------------------------40.000 денари
За 20 маици - 6000 денари. ----------------------------------6.000.00 денари
За стручно лице по физичка култура -----------------------40.000 денари.
-Вода за семинари,трибини, промоции.-------------------- 20.000
-Време на реализација: јануари - декември 2024 година.
Вкупно........................................................................106.000.00 денари

**6. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ НАГРАДИ ДО 100 ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:**

Во осумте основни училишта кои гравитираат во Општината од година во година се афирмираат плејада на таленти во повеќе спортови. Нивниот талент го искажуваат во натпревари кои се во рамките на организација на училишниот спорт, или пак на клупско и репрезентативно ниво во домашни и меѓународни рамки Општината Кисела Вода сака да ги стимулира талентираните спортисти кои постигнуваат успешни резултати. Исто така, Општината сака да го афирмира спортот како и да ја поттикне мотивацијата на младите таленти во делот на понатамошниот спортски развој.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 1.000.000 00 денари
- Средствата се доделуваат по претходно доставен оглас по основните училишта, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на парични награди до 100 талентирани ученици-спортисти од основните училишта на територијата на општината Кисела Вода

Време на реализација: мај-јуни 2024 година.

Вкупно ........................................................................1.000.000.00 денари

**7. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ,,СПОРТУВАМЕ- ДРУГАРУВАМЕ“**

**Цели:**

Проектот Спортуваме -Другаруваме е наменет за лицата со посебни потреби. Во општината Кисела Вода има две училишта со посебни потреби: ,,Д-р Златен Стремец“ и ..Димитар Влахов“, но и многу други наши сограѓани со посебни спортови (мажи и жени) кои сакаат да спортуваат, а не да се затворени во своите домови. Целта на проектот е социјализација на лицата, преку неделни спортски активности да се подобри комуникацијата и другарувањето, но и надградување на спортското усовршување и спортскиот развој, откривање и надградување на спортскиот талент кај лицата со посебни потреби. Општината за неделните спортски активности потребно е да обезбеди бесплатни термини во спортските сали и останатите спортски објекти на територијата на Општината и да обезбеди стручно лице кои ќе ги води часовите по спорт

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 90.000 00 денари

Потребни средства:
За маици ........................................................................................
30.000 денари
За две стручни лица кое ќе ја вршат наставата ............................................
60.000 денари

Време на реализација: месец март-декември 2024 година.

Вкупно ..............................................................90.000.00 денари

**8.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ,, КИСЕЛА ВОДА“**

**Цели:**

Во Рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се организира турнир во мал фудбал ,,Опен Кисела Вода“. Во проектот се предвидува учество да земат екипи од граѓаните во месните заедници, но предвидено е учество да земат и рекреативци од фирмите кои егзистираат во општината Кисела Вода или пак, екипи од фирми со кои соработува општината Кисела Вода. Предвидено е турнирот да се одвива во неколку категории. Идејата е да се поттикне маалскиот спорт и низ забава и дружење да се развива рекреативниот и масовен спорт.

Предвидени средства и динамика на реализација:
-За реализација на овој проект се предвидени 2280.000.00 денари.

Потребни средства:
-Судии ....................................................................32.000 денари
-Обезбедување .......................................................30.000 денари

-Делегати ......................................................................32.000 денари
-Лекар ...........................................................................30.000 денари
-фудбали .......................................................................9.000 денари
- Вода ..........................................................................21.000 денари
- Пехари .........................................................................5.000 денари
-Маички .........................................................................9.000 денари
-Тренерки и патики .........................................................30.000 денари
-Озвучување ..............................................................30.000 денари

Време на реализација: 2024 година.

Вкупно .......................................................................... 228.000.00 денари

## 9.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:ШАХОВСКА ЛИГА КИСЕЛА ВОДА

Во рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се реализира проектот Шаховска Лига Кисела Вода каде учество ќе земат граѓаните од месните заедници во Општината. Секоја месна заедница предвидено е да формира екипа со 6 натпреварувачи и низ лига систем во екипна конкуренција ќе се игра по Бергеров систем. Идејата е да се развива шахот како спорт и низ забава и дружење меѓу граѓаните на месните заедници да се поттикне рекреативниот и масовен спорт.
Предвидени средства и динамика на реализација

Шаховската лига се предвидува да се игра во тековната 2024 година

Потребно е да се обезбедат
- Шахови 80 x 1500 = 120.000.00 денари
- Шаховски часовници -15 x2000 = 30.000 денари.
-Вода 20.000 денари
- Пехари и медали 6000 денари

Вкупно ...............................................................................176.000.00 денари

## 10. ИЗБОР НА НАЈДОБРИ СПОРТИСТИ НА ОПШТИНАТА КИСЕЛА ВОДА

Општината Кисела Вода во 2024 година ќе направи манифестација,, Избор за најдобар спортист на Општина Кисела Вода. За реализација на овој проект потребно е да се дефинира Правилникот за избор на најдобрите спортисти на Општината, каде е предвидено да го донесе Комисија во која ќе партиципираат вработени во општинската администрација, советници од Советот на Општината, претставници на спортски клубови, сегашни и поранешни спортисти. Ќе се вреднуваат резултатите на спортистите, клубовите спортските работници, во сениорска,, јуниорска, кадетска и пионерска конкуренција. Изборот ќе биде транспарентен и согласно правилата на европските спортски стандарди.

Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 120..000 00 денари

Потребни средства::
--За плакети и пехари ------------------------------------ 100.000.00 ден
- За дипломи и признанија -------------------------------- 20.000.00 ден.
Време на реализација:-декември 2024 година.

Вкупно ...................................................................120..000.00 денари

**ПРОГРАМА (ЛО) ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2024**

| | |
|---|---|
| 1..**ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА И ЗДРУЖЕНИЕ ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА КИСЕЛА ВОДА** | **500.000.00 ДЕНАРИ** |
| **2. КУП НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА „Св ЃОРЃИ“** | **273.000.00 ДЕНАРИ** |
| **3. ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА** | **5.000.000.00 ДЕНАРИ** |
| **4. ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | **1.000.000.00 ДЕНАРИ** |
| **5. СПОРТСКА АКАДЕМИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** | **106.000 .00 ДЕНАРИ** |
| **6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ НАГРАДИ ДО 100 ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** | **1.000.000.00 ДЕНАРИ** |
| **7. „СПОРТУВАМЕ- ДРУГАРУВАМЕ“** | **90.000.00 ДЕНАРИ** |
| | |
| **8. ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „ОПЕН КИСЕЛА ВОДА“** | **228.000.00 ДЕНАРИ** |
| **9. ШАХОВСКА ЛИГА КИСЕЛА ВОДА** | **176.000.00 ДЕНАРИ** |
| **10. ИЗБОР НА СПОРТИСТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** | **120.000.00 ДЕН** |

**ПРОГРАМА за работа на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ за 2024 година**

Непостоењето на адекватни спотртски објекти ја намалува можноста за спортување кај децата и младината,како и можноста за развој на врвен спорт и истовренено ги дестимулира граѓаните да се занимаваат со рекреативен спорт.Без спортски објекти и неприлагодени спортски објекти невозможен е развој на спортот. Обезбедувањето на овој основен услов во спортската инфраструктура има потреба за издвојување на финансиски средства кои по правило не можат да ги обезбедат самите корисници (спортски клубови,спортски здруженија,грагани). Ако се земе во обзир неопходноста на спортските објекти јасно е дека решавањето на проблемот со спортската инфраструктура покрај стручноста бара значителни буџетски вложувања.

Сите знаеме колку е голема улогата на спортот и спортскиот начин на живот.Затоа постоењето на добра спортска инфраструктура е од голема важност што дефинитивно влијае на спортската масовност а со тоа и здравјето на нацијата,што никако не смее да се занемари.

Главна дејност на Јавното комунално претпријатие е стопанисување со спортски сали и спортски објекти во надлежност на Општина Кисела Вода.

Покрај главната дејност, Јавното комунално претпријатие ги врши и следните дејности:

- Изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти,
- Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад, под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии,
- Одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни површини во надлежност на општината, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови,
- Одржување, чистење и користење на паркови, зеленило, парк шуми и рекреативни површини во надлежност на општината на сервисните и станбените улици, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки,
- Изградба и одржување на јавното осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината,
- Изградба, реконструкција, управување и одржување на гробиштата и
- Одржување и користење на јавни пазари кои се во сопственост на општина Кисела Вода.

ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје ќе биде насочено кон современи управувачки методи преку кои спортските сали и спортските објекти на територија на Општина Кисела Вода ќе може ефикасно да се: планираат, адаптираат, одржуваат, изнајмуваат, финансираат.

ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје` - стопанисувањето и управувањето со спортските сали и спортските објекти ќе го базира на следните клучни функции:

- ➢ РАЗВОЈ
- ➢ МАРКЕТИНГ
- ➢ ФИНАНСИИ
- ➢ УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ

Преку ефикасно управување со клучните функции целта е спортската инфраструктура да овозможи спортски континуитет на натпревари и на подолг рок да биде сатисфакција на учесниците кои се во тесна врска во спортскиот пазар (публика,клубови (спортисти) спонзори, инвеститори, кредитори). Целта е стратешки и професионален пристап кон извршувањето на проектираните задачи,и применување на ефикасна техника во управувањето на моменталните инфраструктурни спортски објекти,прединвестциски циклус,изградба,постинвестициска анализа и фаза на експлоатација на објектот.

1.Општина Кисела Вода располага со следните спортски објекти:
- Според видот на простор каде се одржуваат спортските натпревари
А. Затворени спортски објекти (сали)
Б. Отворени спортски објекти (стадиони, јавни мултифункционални игралишта )
-<u>Стратешки спортски објекти (спортски сали)</u>

**Спортска сала ``Независна Македонија`` Општина Кисела Вода**
**Спортска сала ``Архиепископ Доситеј`` Општина Кисела Вода**

Салите``Независна Македонија`` и ``Архиепископ Доситеј``се изградени 2010 година со капацитет од 500 седишта,со професионални димензии за кошарка,ракомет,мал фудбал и одбојка.

- **Фудбалски стадион Пржино**
- **Фудбалски стадион Драчево**
- **Настрешници и тезги за пазар Општина Кисела Вода**

Објектот е сместестен на локација ул. Франк Харкорт Манинг, Општина Кисела Вода – Скопје. Објектот ќе функционира како услужен објект – пазар во сопственост на Општина Кисела Вода а ќе го стопанисува ЈАаното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ. Се предвидува урбаната опрема – настрешниците и тезгите да се постават така што нема да ја зафаќаат слободната пешачка зона со ширина од 3,00м. За нејзиното поставување, како и за непречено користење, се предвидуваа површина со димензии 12,30х20,32м, односно со вкупна бруто површина од 250,00м2 и вкупно корисна површина од 230,23м2. Површината ќе биде преградена со преградни монтажно – демонтажни алуминиумски прозори со антрацит боја. Поставенаат урбана опрема – настрешници и тезги не го попречува пешачкото движење и не ја зафаќа постоечката пешачка патека.

Од програмската цел на **ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ** произлегува следната **ПРОГРАМА ЗА 2024 година**

| | Детален табеларен приказ на трошоци за 2024 година | Износ ден |
|---|---|---|
| 1. | Бруто плата ( 15 вработени) | 7,567,000 |
| 2 | Мобилни телефони | 78,000 |
| 3 | Банкарски провизии | 15,000 |
| 4 | Интернет за спортски објекти | 20,000 |
| 5 | Книговодствени услуги | 220,000 |
| 6 | Хигиенски сретсва за чистење | 100,000 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Тотал за 2024** | **8,000,000** |

*Тековното одржување на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ ќе користи сопствени средства кои се остваруваат од продажба на услуги.

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО: Буџет за Програма за СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (ЛО)** | **16.493.000 денари** |

## ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (ЛО)

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година.

## ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата за спорт (ЛО) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/14
27 декември 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.